Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-422/36
26-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-422/1 од 04.07.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и имотна состојба во областа на правосудството и управата и пристапот до добра и услуги, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Димче Мирчев", број 9 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 26.09.2023 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус и имотна состојба во областа на правосудството и управата и пристапот до добра и услуги, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 04.07.2023 година поднесена е претставка за заштита од дискриминација, заведена под архивски број 08-422/1, од страна на лицето [redacted] од Скопје, а против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: МВР) за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и имотна состојба во областа на правосудството и управата и пристапот до добра и услуги.

### I.

Според наводите изнесени во претставката, во декември 2016 година на подносителот му била одземена личната карта од страна на полициски службеник, за кој подоцна дознал дека истата ја држел година дена кај него. Во 2017 година со внатрешна контрола ја нашол личната карта во Комисија за прекршоци во Министерство за внатрешни работи, од каде со Записник за оштетена лична карта му е вратена. Во рок од 8 (осум) дена поднел барање за замена на оштетена лична карта

која била со важност до септември 2020 година. Оттогаш до денес има поднесено повеќе од педесет барања за замена на лична карта, но без никаков одговор од надлежниот орган. Во меѓувреме личната карта му истекла и тој во моментов не поседува важечка лична карта.
Претставката, како наведува во истата, ја поднесува поради тоа што МВР одбива да му издаде лична карта поради фактот што нема евидентирано живеалиште. Од надлежниот орган му е посочено да пријави ново живеалиште, а не истото кое било запишано во истечената лична карта, иако наведува дека тој фактички сеуште живее на тоа место. Исто така наведува дека нема никаков управен акт од МВР со кој му се одбива барањето за издавање на лична карта па поради тоа не можел да вложи жалба. Истакнува дека во моментот нема никаква лична документација ( патна исправа, лична карта, возачка дозвола ), не може да извади нови поради фактот што не му го признаваат моменталното живеалиште, а тој наведува дека нема негов имот како би пријавил друго.
Истакнува дека немањето документ за лична идентификација го спречува да располага со неговата старосна пензија поради тоа што трансакциската сметка му е блокирана поради неажурирани податоци, а од друга страна нема како да ги ажурира со оглед да не поседува вакви документи. Со ова се соочува од месец февруари 2023 година.
За овој проблем се обатил и до Народниот правобранител од каде препорачале дека мора да му се издаде лична карта, како што наведува во претставката.

II.

Комисијата со Барање за произнесување по наводи во претставка број 08-422/2 се обрати до Министерството за внатрешни работи на 10.07.2023 година. На 31.07.2023 година во Комисијата е примен Одговор од потенцијалниот дискриминатор, заведен под [redacted] и во истиот се наведува дека:

" До Одделението за управни работи Скопје, како надлежна организациона единица на Министерство за внатрешни работи во која се решаваат правата, обврските или правните интереси на граѓаните, лицето [redacted] има поднесувано барања за продолжување на лични документи (лична карта, патна исправа и возачка дозвола), но поради неисполнување на условите предвидени со конкретен Закон, донесени се соодветни решенија во согласност со законските и подзаконските акти. И покрај тоа, именуваниот, преку министерството, Народен правобранител, лично или застапуван од адвокат поднесува голем број претставки иако по сите негови барања, поплаки или претставки му е укажувано, дадени одговори и насоки за решавање и надминување на настанатиот проблем. Имено, врз основа на поднесено барање на сопственици на објект во [redacted] со приложен доказ за сопственост, за бришење на адресата на живеење впишана во личната карта од страна на Одделението за управни работи, како надлежен орган, превземени се и применети сите пропишани постапки во согласност со законските и подзаконските акти, па на 26.02.2014 година донесено е

Решение за поништување на пријавата и бришење од евиденцијата за живеалиште во Скопје на [redacted] кое решение именуваниот го примил на ден 23.02.2017 година. Поради настанатата промена на адресата на живеење бил должен во рок од 8 (осум) дена да поднесе барање за промена на адреса на живеење согласно член 2 од Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните. Бидејќи лицето не приложило доказ за сопственост и со тоа не се исполнети условите предвидени во наведениот член од законот, на ден 17.02.2020 година донесено е Решение со кое се одбива барањето за замена на личната карта и од негова страна ( од страна на лицето [redacted] ) не е подигнато".

На овој Одговор му претходи извршен увид и службен разговор во просториите и документацијата во Министерство за внатрешни работи, Сектор за управно надзорни работи, евидентиран на Записник број 08-422/4 од 17.07.2023 година. Од страна на претставниците на Комисијата побарано е да се споделат податоци по предметот на претставката поднесена од [redacted] а од овластено службено лице во МВР е посочено дека: Именуваниот во повеќе наврати поднесувал барања и писмено се обраќал до МВР и дека надлежните се добро запознаени со конкретниот случај. Потенцирано е дека не се работи за никаква дискриминација, туку дека именуваниот ( Стево Матевски ) не споделува податок за негово живеалиште кога поднесува барање за издавање на јавна исправа – лична карта. Ова лице постојано го обезбедува истиот податок за живеалиште, односно адресата која била наведена во неговата последна важечка лична карта, сега веќе со истечена важност. Таквиот податок МВР го избришал од евиденција на живеалишта од причини што недвижноста на наведената адреса не е во негова сопственост, а воедно и објектот кој се наоѓа на земјиштето е всушност во состојба на рушевина во која практично не може да се домува. Согласно законските одредби не е можно да му се издаде јавна исправа без податок за живеалиште. Од овие причини веќе подолг период овој случај со именуваниот не може правно да се разреши.

Комисијата на 17.07.2023 година се обрати со Барање за дополнителни податоци број 08-422/5 до Народниот правобранител, па побара Народниот правобранител да извести - Дали дал препорака за решавање на проблемот со кој се соочува лицето [redacted] и доколку дал, да го достави актот со кој истото е направено. На 28.07.2023 година во Комисијата пристигна Одговор од Народниот правобранител заведен под број НПР. Бр. 2044/2. Во одговорот се наведува дека:

" До Народниот правобранител беа поднесени повеќе претставки од лицето Стево Матевски од Скопје во текот на 2022 и 2023 година, за кои беа оформени и заведени предмети. Народниот правобранител, постапувајќи по претставките презема низа процесни дејствија согласно своите надлежности предвидени со Закон за народниот правобранител. Имено, постапувајќи по првата претставка поднесена на 22.06.2022 година, лицето [redacted] се пожали на повреда на неговите законски права од страна на Одделот за граѓански работи при МВР, односно ускратување на неговото право да му се издадат документи за лична идентификација. Подносителот во претставката тврди дека до односниот орган ги поднел следните барања:

- Барање за замена на оштетена лична карта [redacted] од 10.09.2020 година;
- Барање за издавање/продолжување на патна исправа [redacted] од 10.09.2020 година;
- Барање за издавање на возачка дозвола [redacted] од 10.09.2020 година и
- Барање за замена на оштетена сообраќајна дозвола [redacted] од 31.01.2021 година.

Следствено, Народниот правобранител се обрати со Барање објаснување, информации и докази до надлежниот орган, Министерство за внатрешни работи. Од одговорот доставен од Одделот за граѓански работи на ден 12.07.2022 година Народниот правобранител е известен дека сопствениците на објектот ( стан ) во Скопје на [redacted] со приложен доказ за сопственост поднеле Барање за бришење на адреса на живеење впишана во личната карта на лицето Стево Матевски, поради што Одделението за управни работи Скопје при МВР донело Решение [redacted] година за поништување на пријавта и бришење од евиденцијата на живеалиште во Скопје на [redacted] Исто така беше уредно доставено до Народниот правобранител, како и информација дека лицето нема поднесено барање за промена на адреса на живеење ниту приложува доказ за обезбеден стан за живеење, а кое е задолжително согласно член 2 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните. Од страна на Одделот за граѓански работи лицето [redacted] било поучено да поднесе Барање за промена на адресата на живеалиштето, бидејќи тоа е единствен надлежен орган на МВР за наведената проблематика, па дури по донесеното решение за живеалиште, да поднесе барање за замена или продолжување на важноста на другите лични документи. Народниот правобранител сепак констатираше повреда на правата на граѓанинот [redacted] поради фактот дека истиот веќе долг временски период е оставен без документи за лична идентификација, со што дополнително му се ускратува остварување на други права. Народниот правобранител достави Укажување за начинот на отстранување на констатираните повреди НП бр. 1549/22 од 16.09.2022 година до Оддел за граѓански работи со кое укажа на почитување на обврската за донесување и уредно доставување на писмено решение во случај на одбивање на поднесено барање за издавање на лична карта. По ова до Народниот правобранител е доставен писмен одговор од Оддел за граѓански работи под рег. Бр. 12-92711/3 од 17.10.2022 година со целокупна документација од предметот, односно примероци од сите донесени решенија од нивна страна поврзани со поднесените барања од [redacted] од кои Народниот правобранител **КОНСТАТИРАШЕ дека засегнатото лице било детално и лично известувано за фактичката состојба и му бил даван правен совет како да постапи за остварување на своите права од надлежниот орган.** Дополнително од остварените увиди и разговори со службените лица од Оддел за граѓански работи при МВР Народниот правобранител е известен дека **од страна на службените лица во повеќе наврати бил примен, и усно и писмено бил советуван**

**за начинот на надминување на неговиот проблем во законски утврдените рамки, но истиот не постапувал по дадените насоки".**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со Барање број 08-422/8 од 19.07.2023 година се обрати до Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија со кое побара податок за тоа: - Дали лицето Стево Матевски остварува право на старосна пензија и доколку остварува дали и на кој начин истата му се исплаќа. Во Произнесувањето од наведениот орган кое пристигна до Комисијата на 11.09.2023 година, заведено под број 10-3834/2 се наведува дека:

" На [redacted] со привремено решение од 15.12.2017 година му е признато право на самостојна старосна пензија во аконтативен месечен износ од 19.132,00 денари сметано од 25.10.2017 година. Пензијата е пресметана за вкупен пензиски стаж од 42 години и 05 месеци. Со оглед дека именуваниот има стаж навршен во Р. Хрватска по потврдувањето на стажот од хрватскиот орган за социјално осигурување со ново решение на 02.03.2020 година признато му е право на самостојна старосна пензија во конечен месечен износ од [redacted] денари сметано од 25.10.2017 година. Истата се исплаќа на трансакциска сметка која е дојавена од банката каде именуваниот и отворил таква сметка. Но од досието за именуваниот видно е дека за овој корисник на пензија има налог за извршување бр. 1425/2022 по кој фондот е должен да постапи, поради што му се задржува една третина од износот на пензијата."

Со оглед на специфичноста на конкретниот случај, Комисијата се обрати и до Министерството за труд и социјална политика со Барање број 08-422/17 од 03.08.2023 година за дополнителни информации и одговор на прашањето – Како Министерството за труд и социјална политика постапува во однос на лица бездомници, односно лица кои не се евидентирани како носители на право на сопственост на недвижност во која живеат, а сакаат да извадат документ за лична идентификација и Дали постојат одредени афирмативни мерки за овие лица и кои се тие. На ова барање, Министерството за труд и социјална политика достави Одговор број 10-5383/3 од 21.08.2023 година и во истиот наведува дека:

" Во случај на ризик од бездомништво согласно Закон за социјална заштита, по барањето за остварување на право од социјална заштита во прв степен решава Центарот за социјални работи надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште. Во постапката се утврдуваат околностите кои се однесуваат на

- Утврдување на потребите на лицето во социјален ризик
- Можноста за обезбедување на семејна поддршка
- Исполнетоста на условите за остварување на право од социјална заштита (парична помош/користење на достапните социјални услуги или друг вид на помош) како и можноста да остварува права врз основа на други прописи
- Утврдување на потребата за обезбедување на привремен престој или сместување во установа.

Врз основа на спроведената постапка и утврдената фактичка состојба Центарот за социјална работа донесува одлука за примена на најсоодветен облик на заштита за корисникот.

Со цел да се превенираат негативните последици за лицата и семејствата кои од најразлични причини се доведени во состојба да немаат дом, воспоставен е центар за бездомни лица – Чичино село Скопје, која е организациона единица на ЈУМЦСР Скопје, каде се обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица преку давање совтодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, одржување на хигиената, здравствена заштита и обезбдување на образование на децата сместени во него, а сместувањето е со согласност од самото лице корисник.

Доколку корисникот кој е сместен во некоја од формите на системот за социјална заштита има потреба од обезбедување на лична документација, од страна на стручните лица на месно надлежниот ЦСР се спроведуваат постапки за вадење на документи за идентификација, и тоа:

- Доколку лицето имало живеалиште од претходната лична карта, од страна на МВР се врши увид на таа адреса и доколку истата не е веродостојна лицето се упатува да изнајми стан под наем, односно да обезбеди вселлив стан (живеалиште под наем) и таа адреса се впишува во документот за лична идентификација (лична карта)
- Се стапува во контакт со блиски сродници кои би одобриле да ја пријави нивната адреса на живеење како престојувалиште – живеалиште, согласно Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште, за да спроведе постапка за вадење на лична карта
- Доколку има потреба од институтционално сметување, се отпочнува постапка за вадење на лична документација во осработка со невладини организации
- Доколку лицето е евидентирано како лице без документ постапка за вадење се спроведува во соработка со Министерството за правда со проиверка на ДНК."

Комисијата исто така се обрати до Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи Скопје со Барање бр. 08-422/14 од 28.07.2023 година со кое побара податок, односно список на лица кои се згрижени во пунктовите за бездомници "Момин поток" и "Чичино село", а кои имаат документи за лична идентификација со место на живеење во наведените центри. Од оваа институција до Комисијата пристигна Одговор број УПП 1901-73 од 01.08.2023 година во кој е наведено дека:

"Служба за права на парична помош на подрачје на општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај нема сместено бездомни лица во прифатниот центар "Момин Поток. Во прифатен центар за бездомни лица "Чичино село " сместувањата се со времен карактер и лицата поседуваат лична идентификација со адреса различна од адресата на прифатниот центар. Лицето Стево Матевски не е сместено во прифатен центар "Чичино село".

Комисијата исто така се обрати до Агенцијата за катастар на недвижности со Барање за дополнителни информации број 08-422/25 од 01.09.2023 година, а од органот по службена должност прибави препис на Имотен лист [redacted] за КО [redacted] – Ѓорче Петров од кој може да се констатира дека лицето [redacted] е запишано како носител на право на заедничка сопственост на ул "Знеполе" 33 во Скопје, запишан по основ на урбанистичка согласност [redacted] од 20.11.2013 година, решение за утврдување на правен статус [redacted] од 16.01.2014 година на Општина Ѓорче Петров и геодетски елаборат [redacted] од 18.11.2013 година на [redacted]

Воедно по службена должност беше прибавено и Решение број 10.1.4.1-338 од 26.02.2014 година на Министерството за внатрешни работи со кое се поништува пријавата и се брише од евиденцијата за живеалиште лицето [redacted] кој има пријавено живеалиште на [redacted] во Скопје, а врз основа на член 11 став (2) од Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

Покрај доказите прибавени по службена должност, докази беа доставени и од подносителот на претставката [redacted] и на истите им се положи должно внимание и беа дел од предметот оформен по претставката поднесена од именуваниот.

III.

Согласно член 9 од Уставот "*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви*." Согласно член 54 став (3) од Уставот, *Ограничувањето на слбодите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општетсвена положба*.

Согласно член 2 став (1) од Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на Република Македонија", бр. 36/92, 12/93, 43/00, 66/07, 51/11, 152/15, 55/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 302/20 и 67/22), **живеалиште е местото во кое граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење.** Согласно став 2 од истиот член, **се смета дека граѓанинот има обезбедено стан за живеење во смисла на овој закон, ако тој или член на неговото семејство има вселлив став по основ на сопственост или договор за закуп во согласност со закон.**

Согласно член 1 став (1) од Закон за лична карта ("Службен весник на република македонија", бр. 8/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15, 55/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 67/22), **личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Македонија, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Македонија**, а согласно со член 2 од истиот закон, **секој граѓанин со наполнети 18 години живот должен е да има лична карта.**

IV.

Согласно изнесеното, имајќи ги предвид сите факти и докази, ценети секој одделно и сите заедно, прибавени во текот на постапката, Комисијата утврди дека подносителот на претставката, [redacted] од Скопје сметано од 2020 година не поседува важечки документ за лична идентификација – лична карта, ниту патна исправа или возачка дозвола. Откако на последната важечка лична карта и истекол рокот на важење, лицето не е во можност да се стекне со нова, а ова како резултат на тоа што именуваниот при поднесување на барањата за издавање на лична карта, како адреса на живеење ја наведува адресата на живеење на која со Решение [redacted] од 26.02.2014 година на Министерството за внатрешни работи е поништена пријавата и е избришн од евиденцијата за живеалиште лицето Стево Матевски кој имал пријавено живеалиште на [redacted] во Скопје. Наведеното е решено врз основа на член 11 став (2) од Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните. **Потребата од евидентирање, односно пријавување на друга адреса,** односно место на живеење **е утврдена од страна на сите институции надлежни за постапување по сите претставки и поднесоци поднесени од [redacted] и за истото на именуваниот му е укажувано во периодот наназад.** Дотолку повеќе што лицето [redacted] е евидентирано како сосопственик на недвижен имот видно од препис од Имотен лист [redacted] – Ѓорче Петров. Во таа смисла, доколку се земат предвид законските услови и укажувањата на надлежните органи, именуваниот може да се стекне со документ за лична идентификација како носител на право на сосопственост на недвижност на територија на Скопје, конкретно на ул. [redacted] општина Ѓорче Петров – Скопје, видно од горенаведениот Имотен лист, што подразбира дека истиот не се наоѓа во нееднаква, односно понеповолна положба од останатите граѓани кои се јавуваат како подносители на барање за стекнување на документ за лична идентификација – лична карта.

Врз основа на утврденото, Комисијата по детално спроведена постапка констатира дека во конкретниот случај не се сретнуваат обележја на акт на дискриминација врз основа на личен и општествен статус и имотна состојба во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги. Ова земена предвид дефиницијата за дискриминација опфатена со член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Воедно Комисијата наоѓа за потребно да укаже дека во постапката без изнесени и факти кои се однесуваат на дејствија кои се преземени по истекот на 6 (шест) месеци, односно 1 (една) година од денот на дознавањето за нивно сторување, односно преземање, а истото претставува истек на апсолутен и релативен рок на застареност за постапување согласно член 24 став (5) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
26.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
  Ул. "Димче Мирчев", број 9, Скопје
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
  Оддел за граѓански работи
  Бул. "Гоце Делчев", б.б, Скопје
- Архива на КСЗД